Врз основа на член 50 став (1) од Законот за Локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02), член 30 став (1) и (2) од Законот за Културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10,47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 15 став (3) и став (4) од Статутот на ЈОУ Дом на Култура „Лазар Софијанов“ Кратово бр.01-26/4 од 19.02.2018 година, Градоначалникот на Општина Кратово, донесе

# ОДЛУКА

**за поништување на Оглас бр.1/2021 година за избор на Директор на ЈОУ Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово**

1. Се поништува Огласот бр.1/2021 година за избор на Директор на ЈОУ Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово, распишан од Градоначалникот на Општина Кратово на 11.05.2021 година.

2. Огласот се поништува поради неконсолидирање на членовите на Управниот одбор на Дом на Културата, без кворум за одржување на седниците, потврдени со Известувања од Претседателот на Управниот одбор со Бр.04-238/6 од 03.06.2021 година и 04-238/8 од 15.06.2021 година.

3. Поради истекување на сите законски рокови од член 15 став (3) и (4) од Статутот на установата за постапување на Управниот одбор и избор на Директор од страна на Градоначалникот, Огласот се поништува.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

**Бр. 08-238/9**
**16.06. 2021 година**
**Кратово**

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
**Д-р Љупчо Бојаџиев**